

**Александар ДОНСКИ**

Кога се знаат работите што ги изнесовме во првиот дел, воопшто не е чудно што во некои тогашни европски весници илинденските востаници биле нарекувани *„Бугари“,* на што исто така се повикуваат сегашните големобугарски про-па-гандисти. Вестите за Илинденското востание мину-вале исклу-чиво низ бугарските шовинистички филтри и такви преку БТА и бугарскиот печат биле пласирани во светот, се со цел за да се покаже „
*бугарскиот*
*карактер*
*“*
на Илинденското востание.

Ваквиот начин на пласманот на вестите бил согледан уште во екот на Илинденското воста-ние. Угледниот руски весник “*Новоеврем-ја”* укажал на фактот дека вестите околу Илинденското востание се фалсификуваат од страна на Бугарите

(но и на Турците). Во бројот од 21. 08. 1903 година читаме:

*„ВеститезавостаниетовоЕвропскаТурцијадоаѓаатвопеча-тотречисиисклучиво од турски раце или од Софија. И во едниот и во другиот случај тие се подложуваат на преработка, при што го - лема улога игра не само богатата источна фантазија, туку и жел - бата работата да се*

*претстави во таков вид, каков што нај-многу им годи на Турците и на Бугарите“.*

Кога веќе ги спомнавме мемоарите на илинденските револу-цио-не-ри, во кои тие наводно зборуваат за „*Бугари“* во Македонија, треба да се има предвид и запишувачот на ваквите текстови. Ова ќе го илус-трираме со примерот на проф. Љубомир Милетич. Овој деец е познат запишувач на мемоарите на повеќемина илинденски револуционери, меѓу кои се: Борис Сарафов, Даме Груев, Иван Гарванов и други. Во сите негови записи на сеќавањата, за нашиот народ секаде е употре-буван терминот „*Бугари, бугарски револуционери“* и сл. Така е и со ме-мо-арите на Борис Сарафов, од кого веќе ги цитиравме изјавите дека Македонците не се ни Бугари, ни Срби, туку само Македонци. Но во мемоарите запишани и објавени од проф. Милетич се споме-нуваат само „*Бугари“* во Македонија. Дали и Милетич не постапил исто како што постапиле со текстовите на Ѓорче Пет-ров, на Никола Вап-ца-ров, на Славе Македонски, на архимандритот Царкњас и на којзнае уште колку други македонски дејци, т.е. дали и тој не ги факлсификувал изјавите на илинденските револуционери? Дека има сериозна основа да се претпостави ова, ќе го наведеме фактот дека Милетич бил за-ко-равен бугароман, кој отворено признавал дека не смее да се доз-во-ли ко-ристење на термини поврзани со македонската национална засеб-ност. Уште на 27.12.1903 година проф. Миле--тич во едно писмо до поз-натиот славист В. Јагиќ, ги искажал своите антимакедонски ставови,

ко-га напишал:

*Дасевовлекуваатвоенциклопедијатанекакви “МакедонскиСло-вени” идасеоддел уваат м акедонските говори во посебна група - тоа не смее да се допушти , зашто од научно гледиште тоа никако не може да се оправда .*

Значи, запишувачот на мемоарите на Сарафов, на Груев (но и на други македонски револуционери) проф. Милетич воопшто не ги кри-ел своите заблуди во врска со македонската национална засеб-ност.

Од сето ова цениме дека тој и навистина оставил вредни записи од илинденскиот период, но под сомнеж ја ставаме употребата на бу-гарските обележја во овие од него запишани мемоари на илин-ден-ци-те.Тој, како бугароман секако дека не би си дозволи да пи-шува за засебноста на  Македонците во делата што самиот ги пи-шу-вал.

Некои бугарски историчари и публицисти прават подметнувања, и фалсификати, не само во текстовите, туку и во илустрациите. Ќе ја спомнеме книгата од М. Атанасов под наслов „*Блгарскицаре*“. Во неа се претставени илустрации на ликовите на сите бугарски ханови и цареви (почнувајќи од хан Кубрат, па се до денешниот бугарски цар Симеон). Но, во овие илустраци, илустра-то-рот направил фалсификат.Иако е сосема познато дека турко-монгол-ски-те бугарски ханови и припаѓале на жолтата раса, во оваа книга, овие ханови се нацртани безмалку со изглед на - Евро-пејци! Ова не се од-не--сува само на вештачки евро-пеи-зираните црти на нивните лица, туку и на облеките. Дури на ханот Кубрат му се нацртани и долга бела брада и коса, иако е познато дека во древниот „*Именик на бугарските ханови*“ (напишан во 8 век во времето на него-виот син Аспарух) јасно пишува дека ха-нот Кубрат, во склад со монголската традиција, бил со избри-чена глава, а такви биле и не-говите прет-ходници: Атила, Ирник и Гос-тун. Фласифи-ка-тот на илустраторот е со сосема јасна намена - да се избег-не вистин-ски--от тогашен татаро-мон-гол--ски изглед и начин на обле-кување на Буга-рите и на читате-лите да им се остави потсве-сен впечаток дека тие небаре биле Европејци.

Фалсификати се правени и преку подметнување на фалсифи-ку-вани историски споменици преку кои се *докажувал* навод-ниот „*бу-гарски карактер на Македонија*“. Вакви фалсификати се правеле уште во 19 век. Во врска со ова ќе наведеме еден пример. Во 1997 година во Бугарија одекна вест дека во Воденско бил про-нај-ден натпис од вре-мето на цар Самоил, кој наводно датира од 989 година.Овој натпис стана познат под името „
*Воденскиот*
*натпис*
“
. Во него, царот Самоил себеси јасно се декларира како „
*Бугарин*
“
, а како „
*Бугари*
“
ги детер-минира и жителите на свое-то цар-ство. Но, лично директорот на На-ционалниот историски музеј во Со-фија, Божи-дар Димитров, по стручното прегледување на овој нат-пис, децидно изјави дека нема никакво сомнение оти се работи за класи-чен фал--сификат. Како фал-сификатори Димитров ги посочи бугарските на-цио---нал-ро-ман-тичари од 19 век, кои, во својот романтичарски занес, ја фал-си-фи-ку-вале оваа плоча и ја закопале за идните времиња. Инте-ресно е тоа што овој „
*Воденски*
*натпис*
“
е многу сличен со „
*Битолската*

*плоча*
“
(во ко--ја, за ца-рот Иван Владислав, пишува дека бил „
*Бугарин*
*по*
*род*
“
), па сега не-кои наши ис--тра-жувачи отворе-но го поставуваат прашањето за автен-тичноста и на „
*Би*
-
*тол*
---
*ската*
*плоча*
“
и бараат меѓународни експер-ти да ја утврдат нејзи-ната ста-рост. Подоцна Димитров стана голем анти-македонски пропагандист, но во овој случај тој постапи чесно и им направи услуга на Македонците.

На крајот, да ја спомнеме и појавата на криење на документите и на другите предмети, кои ја докажуваат македонската национална засебност низ историјата.

Во 1944 година во близината на Горна Џумаја (денешен Благо-ев---град, з.м.) бил отстранет споменикот од римскиот период, на кој пи-шу-вало дека градот *Скаптопатра* (град што се наоѓал близу де-неш-ниот град Сан-дански) бил
*македонски град.*

На споменикот пишувало: „*Јас Цезар им забранувам на моите војници, како и на моите офицери да влегуваат во Скапопатра и да ги обеспокојуваат жителите на овој македонски град-држава“.*

Доколку овој споменик и навистина е уништен (како што некои претпоставуваат), тогаш станува збор за чист варваризам на униш-ту-вање на остатоци од древната историја.

Во шеесеттите години во бугарските библиотеки било можно да се истражува весникот „*Македонски глас*“ (1885). Но кога големо-бу-гар-ските пропагандисти ја *открил е* содржината на овој весник, наед-наш *исчезнал* од бугарските библиотеки и веќе не бил достап-ен за научните истражувачи од Македонија.

По појавениот инте-рес на на-шите историчари, беследно исчез-на од Музејот на Вапцаров во Софија оригиналниот реферат на Ни-кола Јон-ков Вапцаров, по кој била напишана неговата долга песна *Доклад.* Овој реферат бил однесен во Партискиот архив на БКП и ни-кој досега не може да го види. Причината е во тоа што, во него Вап-царов јасно се декла-ри-ра како национално свесен Македонец.

Секако дека има и други вакви многубројни примери. Конечно, не случајно и денес бугарските архиви се прилично затворени за истра--жувачите од Македонија, додека за презентирање на сите фал-си--фикати на личните исправи и останатите документи на Маке-дон-ците што беа извршени за време на тоталитарниот режим на То-дор Живков (посебно во времето на пописите) не би ни стигнале ниту десет вакви текстови.

КРАЈ